**Упатство за подготвување Предлог-проекти**
**за воведување/измени и дополнувања на студиските програми и за процедурата за акредитација/реакредитација на студиска програма**

Студиските програми ги предлагаат наставно-научните односно научните совети на единиците на Универзитетот и органите на придружните членки - на јавните научни установи.

Предлогот на програмата се доставува до Одделението за настава на Универзитетот на понатамошна постапка. Предлогот се доставува **во печатена форма во два примерока** и во **електронска форма** во еден документ.

Одделението за настава може да врати предлог за нова студиска програма или предлог за измени и дополнувања доколку тој не ги содржи потребните податоци предвидени со Законот за високото образование, Правилникот за донесување студиски програми, Правилникот за нормативите и стандардите за основање и вршење на високо-образовна дејност и Правилникот на Одборот за акредитација.

Во зависност од видот на научното подрачје и карактерот на предложената студиска програмата, Одделението за настава може предлогот да го достави и до друга единица на Универзитетот, со барање мислење и забелешки за предложената студиска програма.

Одделението за настава го доставува предлогот и евентуалните забелешки од страна на единиците до Комисијата за настава на стручно мислење. Комисијата за настава е должна во рок од еден месец да се изјасни. Доколку Комисијата констатира постоење на стручни неправилности, неправилности во постапката за донесување помеѓу единиците на Универзитетот, може да донесе одлука предлогот да се врати на предлагачот на доработка.

По добиеното стручно мислење од страна на Комисијата за настава, Одделението за настава го доставува предлогот до Ректорската управа на понатамошна постапка. Ректорската управа се изјаснува по предлогот и во случај на позитивно мислење го доставува до Сенатот на Универзитетот. Сенатот на Универзитетот се изјаснува по предлогот и во случај на позитивно мислење, одлуката за усвојување се проследува до Одборот за акредитација на натамошна постапка.

Предлог-проектот во потребниот број печатени примероци и во електронска pdf форма до Одборот за акредитација го доставува предлагачот. По добивањето на решението за акредитација од Одборот, предлагачот е должен копија од решението да достави до Ректоратот на Универзитетот заради изготвување регистар на акредитирани студиски програми.

Предлогот за основање нова студиска програма или Предлогот за измени и дополнување на постојна студиска програма се состои од:

- **Предлог-проект за студиската програма**
- **Одлука за основање нова студиска програма/за измени и дополнување на постојна студиска програма донесена од наставно-научниот односно научниот совет на предлагачот на програмата**
- **Прилог: Карта на високообразовната институција**

Во согласност со воспоставената практика, предлог-проектите се подготвуваат за секој циклус одделно (освен кај интегрираните студии на регулираните професии). Предлог-проектите за воведување нови студиски програми се изготвуваат одвоено од предлог-проектите за измени и дополнување на студиски програми.

Називот на Предлог-проектот треба да гласи:

**Предлог-проект за воведување/измени и дополнувања на студиските програми од ______ (прв/втор/трет) циклус студии по/за __________________(назив на студиската програма) на _________________факултет**

Предлог-проектот за основање на студиската програма содржи: **содржина, вовед, општ дел, студиска програма и образложение за можноста за реализирање.**

**1. Воведот содржи:**

- причини за предлагање на студиската програма или причини за измени и дополнување, посебно:
  - проценка оправданоста со оглед на потребите на пазарот на трудот во јавниот и приватниот сектор
  - поврзаност на студиската програма со современите научни сознанија и/или од нив произлезени темелни вештини

- споредливост со програми од странски развиени високообразовни установи (универзитети, високи школи и сл.), особено од земјите на Европската унија;

- досегашни искуства на предлагачот во спроведување на еквивалентни или слични студиски програми;
- ако се предлагаат студиски програми од прв циклус на универзитетски студии треба да се наведат можните партнери надвор од високообразовниот систем (стопанство, јавен или приватен сектор и сл.) кои покажале интерес или би можеле да бидат заинтересирани за нивно започнување;
- елементи со кои се овозможува мобилност на студенти;
- други елементи и потребни податоци според согледувањата на предлагачот.

**2. Општиот дел содржи:**

- назив на предлагачот (единица која ја изведува или координира студиската програма);
- назив на студиската програма;
- траење на студиите;
- услови за запишување и напредување на студиите;
- спецификација на генеричките (општите) и специфичните компетенции кои студентот ќе ги стекне со завршувањето на студиите и за кои работни места е оспособен;
- ако се предлагаат студиски програми во кои првиот и вториот циклус се обединети во една целина, треба да се наведат причините за нивно интегрирано изведување (регулирани професии);
- академскиот или стручниот назив или степен кој се стекнува со завршување на студиите.

**3. Студиска програма (опис на содржината во согласност со ЗВО):**

- научно подрачје и поле;
- табеларно претставување на обемот и организацијата на студиската програма (распоред на предметите по семестри со распределба на кредити и број на часови, вкупен број кредити);
- листа на задолжителни и изборни предмети (Задолжителните наставни предмети треба да бидат од соодветната област на единицата на Универзитетот, односно на внатрешната организациона единица (институт, катедра, оддел), при што нивното учество не може да надминува 75% од бројот на предметите на студиската програма. Остатокот од студиската програма го сочинуваат изборните наставни предмети коишто студентите самостојно ги избираат од редот на сите наставни предмети застапени на единицата, односно единиците на Универзитетот.)
- за секој предмет одделно:
    - назив;
    - код;
    - вид;
    - ниво;
    - студиска година;
    - семестар;
    - кредитни поени за предметот (ЕКТС) со образложение;
    - име на наставникот-реализатор на наставата;
    - предуслови;
    - нацрт на содржината на предметот и оптоварувањето на студентите (број на контакт часови неделно и самостојна работа)
    - методи и облици на настава и начини на проверка на знаењата
    - начин на следење на квалитетот и успешноста на реализацијата на предметот
    - генерички и специфични компетенции (знаења и вештини) за секој предмет;
    - методи на учење;
    - методи на оценување на постигнувањата на студентите, односно проверка на знаењата;
    - јазик на кој се изведува наставата.
    - листа на препорачана литература(задолжителна и дополнителна);
- задолжителни и изборни активности (семинари, конференции, трибини и сл.), доколку такви се предвидени;
- структура на студиите, динамика на студирање и обврски на студентите (услови за запишување на студентите во повисок семестар или предмет, односно повисока година на студии како и условите за запишување на одреден предмет или групи предмети);
- можност за организирање вонредни студии
- активности и механизми преку кои се развива и се одржува квалитетот на високото образование.

**4. Образложение за реализацијата:**

- место за реализација на студиската програма;
- материјални, технички и информациски услови за изведување на наставата (простор и опрема);
- обезбеденост на кадри за реализација на студиската програма (наставници и соработници) за секој предмет или активност;
- посебна листа на сите наставници и соработници вклучени во наставата на студиската програма со податоци за секој ангажиран наставник, и тоа: назив на единицата (на Универзитетот) или установата (надвор од универзитетот) каде е вработен, електронска адреса (e-mail), референци за компетенции на наставникот; датум на последен избор во наставно-научно или научно звање **(пример-образец – кратка биографија)**, доколку наставникот не е вработен на Универзитетот потребно е да се приложи писмена изјава од страна на наставникот дека е спремен да ја изведува наставата како и писмена дозвола од раководното лице на установата во која наставникот е вработен со наведување на предметот и временскиот рок за кој се издава дозволата;
- финансиска конструкција на студиите и извор на финансиски средства за остварување на студиската програма;
- оптимален број запишани студенти со оглед на просторот, опремата и бројот на наставен кадар.

**Прилог - КАРТА НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА**

| | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | |
| Седиште | |
| Вид на високообразовната установа | |
| Податоци за основачот (на приватна високообразовна установа | |
| Податоци за последната акредитација | |
| Студиски и научноистражувачки подрачја за кои е добиена акредитација | |
| Единици во состав на високообразовната установа | |
| Студиски програми што се реализираат во единицата која бара проширување на дејноста со воведување на нови студиски програми | |
| Податоци за просторот наменет за изведување на наставната и истражувачката дејност | |
| Податоци за опремата за изведување на наставната и истражувачката дејност | |
| Број на студенти за кој е добиена акредитација | |
| Број на студенти (прв пат запишани) | |
| Број на лица во наставно-научни, научни и наставни звања | |
| Број на лица во соработнички звања | |
| Внатрешни механизми за обезбедување и контрола на квалитетот на студиите | |
| Податоци за последната спроведена надворешна евалуација на установата | |

***ПРИМЕР-ОБРАЗЕЦ***

## Кратка биографија

| | | |
|---|---|---|
| **Име и презиме:** | | |
| **наставно-научно/научно звање:** | | |
| **електронска адреса:** | | |
| **Институција каде е вработен:** | | |
| **Научна област:** | | |
| **Образование** | **Година** | **Институција** |
| докторат на науки | | |
| втор циклус студии | | |
| прв циклус студии | | |
| **Датум на последен избор:** | | |
| **Список на предмети кои наставникот ги води на прв и/или втор циклус студии** | | |
| **Назив на предметот:** | | **Студиска програма:** |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| **Селектирани научноистражувачки резултати (последни 5 години):** | | |
| **I. Релевантни печатени научни трудови/уметнички дела (до 5 селектирани трудови)** | | |
| 1. | | |
| 2. | | |
| 3. | | |
| 4. | | |
| 5. | | |
| **II. Учество во научноистражувачки (национални / меѓународни) проекти (до 5 селектирани)** | | |
| 1. | | |
| 2. | | |
| 3. | | |
| 4. | | |
| 5. | | |
| **III. Менторства** | | |
| Ментор на докторски дисертации | | |
| Ментор на магистерски трудови | | |
| | | |

**Одделение за настава**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**